# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДИСЦИПЛИНСКА И МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**СОДРЖИНА:**



**I. Општи одредби**
**II. Опис на Правилникот**
**III. Завршни одредби**
**IV. Документи и прилози**



| | **Датум** | **Име и презиме** | **Функција** |
|---|---|---|---|
| **Изработил** | 24.4.2018 | м-р Ристо Костуранов | генерален секретар |
| **Одобрил** | 30.10.2018 | проф. д-р Блажо Боев | ректор |
| Правна основа: Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) | | | |
| **Усвоил:** Универзитетски сенат (број на седница: 148., датум, 8.5.2018 и 153., датум, 30.10.2018). | | | |

Овој документ е сопственост на Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со овој Правилник се уредуваат постапките за дисциплинската и материјалната одговорност за повредите на должностите и за неисполнување на обврските на студентите на Универзитетот.

## II. ОПИС НА ПРАВИЛНИКОТ

## ПРИЈАВУВАЊЕ ПОВРЕДИ НА СТУДЕНТСКИТЕ ОБВРСКИ

**Член 1**

Секој наставник, соработник, раководител на одделение за студентска архива, советник за студентска архива или друго вработено лице на Универзитетот има право и должност да поднесе пријава против студент за сторена повреда на студентските обврски.

Пријавата за сторената повреда на студентските обврски се поднесува во писмена форма која особено треба да содржи:

- име и презиме на студентот кој извршил повреди на студенските обврски,
- време и место на извршената повреда,
- опис на повредата на студентските обврски,
- евентуалните докази и др. за извршените повреди на студентските обврски,
- потпис на подносителот на пријавата.

**Член 2**

Пријавата се поднесува до деканот на единицата на Универзитетот.

## ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ПОВРЕДА НА СТУДЕНТСКИТЕ ОБВРСКИ

**Член 3**

Врз основа на поднесената пријава, како и врз основа на непосредните сознанија, деканот на единицата на Универзитетот може да спроведе претходни дејства и на тој начин да се информира дали она што е наведено во пријавата е точно. За таа цел деканот може да спроведе претходна постапка (да го сослуша пријавениот студент, да собере докази и сл.).

Доколку се утврди дека постои основен сомнеж дека студентот ги сторил повредите на студентските обврски, односно дека неговото однесување е предвидено со актите на Универзитетот како повреда на студентските обврски, во тој случај деканот на единицата на Универзитетот поднесува барање за поведување дисциплинска постапка за утврдување на одговорноста на студентот.

**Член 4**

Барањето за поведување дисциплинска постапка се доставува до студентот кој ја сторил повредата на студентските обврски и до дисциплинската комисија.

**ВОДЕЊЕ ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА**

**Член 5**

**1. Закажување јавна расправа**

По добиеното барање за поведување дисциплинска постапка, претседателот на дисциплинската комисија е должен да закаже седница. Притоа, претседателот може да одлучи единствено на седницата да ги повика само членовите на дисциплинската комисија или да закаже јавна расправа.

Претседателот за првата можност ќе се одлучи вообичаено:
1) кога ќе утврди дека настанала застареност за водење на постапката или 2) кога ќе утврди дека според Статутот на Универзитетот повредите од страна на студентот не се предвидени како повреди на обврските на студентот.

Во првиот случај, на седницата на дисциплинската комисија се донесува одлука да се отфрли барањето за поведување дисциплинска постапка поради застареност или, во вториот случај, да се донесе одлука со која се отфрла барањето за поведување дисциплинска постапка и постапката да се запре бидејќи повредите од страна на студентот не се предвидени како повреди на студентските обврски.

Доколку дисциплинската комисија утврди дека се исклучени двете горенаведени можности, донесува решение за поведување дисциплинска постапка.

**Член 6**

Дисциплинската комисија е должна да води сметка за тоа дали однесувањето на студентот, кое претставува повреда на обврските на студентот, е предвидено со Статутот на Универзитетот, потоа дали постапката е навремено поведена, односно дали има застареност за поведување и водење на постапката.

Доколку се утврди дека однесувањето на студентот, кое е наведено во барањето, е предвидено како повреда со Статутот на Универзитетот и дека нема застареност за водење постапка, претседателот на дисциплинската комисија закажува седница на комисијата, повикувајќи го студентот против кого е поведена дисциплинската постапка, сведоците, вештаците и други вработени, кои можат да помогнат за да се утврди одговорноста на студентот. Известувањето се врши со писмена покана – доставница.

Студентот се известува со покана доставена лично или со препорачана пратка на адресата што студентот ја пријавил како домашна адреса во досието на факултетот и на студентската е-пошта во корисничката адреса на ugd.edu.mk, а доколку тоа не е можно, се истакнува на огласната табла на факултетот, при што, по истекот на рокот од 8 (осум) дена, се смета дека доставувањето е правилно извршено.

Доколку студентот, против кого се води дисциплинската постапка, не се јави на поканата и не одговори на е-поштата, а своето отсуство не го оправда, постапката ќе се спроведе во негово отсуство.

**Член 7**

**1. Јавна расправа**

На јавната расправа учествуваат сите членови на дисциплинската комисија. На јавната расправа присуствува и студентот против кого е поведена дисциплинска постапка. Доколку студентот не дојде на јавната расправа, а недоаѓањето не го оправда, расправата може да се одржи и без негово присуство, при што одлука донесува дисциплинската комисија. Меѓутоа, доколку нема доказ дека на студентот му е доставена покана за јавна расправа и кога студентот оправдано нема да дојде на јавната расправа, јавната расправа се одложува.

**Член 8**

Сведоците и другите лица, кои се повикани, треба да учествуваат на јавната расправа. Во секој конкретен случај дисциплинската комисија одлучува дали јавната расправа ќе се одржи или ќе се одложи доколку сведок или друго лице не дојде на јавната расправа.

**Член 9**

Јавната расправа ја отвора претседателот на дисциплинската комисија и раководи со неа. Сите одлуки, кои се донесуваат во текот на јавната расправа (сослушување на студентот против кого е поведена дисциплинската постапка, сведоците, вештаците и сл.), се донесуваат со мнозинство гласови.

**Член 10**

По отворањето на јавната расправа, претседателот на дисциплинската комисија утврдува дали се присутни сите повикани лица. Доколку утврди дека на расправата не присуствува студентот против кого е поведена дисциплинската постапка или други повикани лица, тогаш ги повикува членовите на дисциплинската комисија да одлучат дали јавната расправа ќе се одржи или таа ќе се одложи.

**Член 11**

На почетокот од јавната расправа најпрво се повикува студентот, против кого е поведена дисциплинската постапка, да се изјасни за сторените повреди на студентските обврски.

Претседателот и членовите на комисијата можат да му поставуваат прашања на студентот.

Доколку студентот има свој бранител, тогаш во негово име тој може да одговара на поставените прашања.

**Член 12**

Додека студентот ја дава својата изјава и одговара на поставените прашања од комисијата, сведоците не присуствуваат на јавната расправа. Кога студентот ќе заврши со давањето на изјавата, се повикуваат сведоците да ги дадат своите изјави. Дисциплинската комисија може да изврши и соочување помеѓу студентот, против кого е поведена дисциплинска постапка и сведокот, доколку е потребно, со цел да се утврди фактичката состојба.

По сослушувањето на сведоците, се изведуваат и другите докази кои можат да помогнат да се утврди вистината, како што се читање писмени докази и др.

Потребно е на студентот, против кого е поведена дисциплинската постапка, односно неговиот бранител, ако го има, да му се овозможи по спроведената доказна постапка да даде изјава, а потоа се одлучува за одговорноста на студентот.

За јавната расправа се води записник.

**Член 13**

За сторената дисциплинска повреда на студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1. Опомена,
2. Јавна опомена,
3. Исклучување – кое се применува за учебната година во која мерката е изречена.

Доколку студентот ја сторил дисциплинската повреда во врска со наставата, може да му се изрече и забрана за полагање еден или повеќе колоквиуми или испити во една до три сесии или повторно запишување на предметот.

**Член 14**

**1. Опомена**

Опомената е најблага мерка што се изрекува за најлесните повреди на студентските обврски предвидени со Статутот на Универзитетот, поради што се смета за „морална казна“.

Во случај на изрекување на оваа мерка, студентот има право да поднесе приговор доколку смета дека му е изречена неправилно.

**Член 15**

**2. Јавна опомена**

Јавната опомена се изрекува за повреди на студентските обврски кои со Статутот на Универзитетот се предвидени како лесни, но се потешки во однос на оние повреди поради кои се изрекува дисциплинската мерка опомена или постојат отежнувачки околности поради кои се изрекува оваа дисциплинска мерка, а не дисциплинската мерка опомена.

Дисциплинската мерка **јавна опомена** може да се изрече и за повредите кои во Статутот на Универзитетот се предвидени како тешки, но под услов да постојат олеснителни околности, поради кои не може да се изрече дисциплинската мерка исклучување.

**Член 16**

**3. Исклучување**

Исклучувањето се применува за учебната година во којашто е изречена мерката. Мерката **исклучување** може да се изрече за тешки повреди на студентските обврски утврдени со Статутот на Универзитетот.

**ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ОДГОВОРНОСТА**

**Член 17**

**1. Јавност при одлучувањето**

За одговорноста на студентот се одлучува непосредно по завршувањето на доказната постапка, на истата седница на дисциплинската комисија. Доколку постојат оправдани причини, комисијата може да одлучи за одговорноста на студентот да се одлучува на нова седница.

**Член 18**

**2. Начин на одлучување**

Одлуката за одговорност на студентот се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број членови на дисциплинската комисија.

Доколку со мнозинство гласови се одлучи дека студентот не е виновен, се донесува одлука за ослободување од одговорност, односно се отфрла барањето поради недостаток на докази за сторената дисциплинска повреда, а доколку со мнозинство гласови се одлучи дека студентот е виновен, се донесува одлука за видот на дисциплинската мерка којашто му се изрекува на студентот.

Доколку комисијата утврди дека има застареност за водење на дисциплинската постапка, се донесува одлука за запирање на постапката.

**Член 19**

Еднаш извршеното гласање за одговорноста на студентот не може да се повтори. Доколку по спроведеното гласање за вината на студентот се утврди дека мнозинството смета дека тој не е виновен, тогаш студентот се ослободува од одговорност.

Гласањето за одговорност на студентот не може да се повтори како во текот на истата седница, така и на нова седница. Исклучок од ова правило постои само во случај на повторување на постапката.

**Член 20**

**3. Отежнувачки и олеснителни околности**

При одлучувањето за одговорност на студентот поради повреда на студентските обврските, предвид се земаат олеснителните и отежнувачките околности.

При изрекувањето на дисциплинската мерка поради повреда на студентските обврски предвид се земаат особено: тежината на повредата и нејзината последица, односно неисполнувањето на обврските, големината на штетата, олеснителните и отежнувачките околности, степенот на одговорноста на студентот, условите под кои е сторена повредата, поранешното однесување на студентот и други околности кои можат да бидат од влијание за изрекување на видот и висината на мерката.

Во одлуката, со која се изрекува дисциплинската мерка поради повреда на студентските обврски, се наведуваат олеснителните и отежнувачките околности кои влијаеле на изречената дисциплинска мерка.

Олеснителните околности го смалуваат степенот на одговорноста на студентот и треба да се разликуваат од околностите кои ја исклучуваат вината.

**Член 21**

**4. Соопштување на одлуката**

Одлуката за одговорноста на студентот му се соопштува на студентот непосредно по нејзиното донесување. Доколку за одговорноста на студентот се одлучува на нова седница на комисијата, на неа мора да се повика и студентот за чијашто одговорност се одлучува. Кога ќе се одлучи за одговорноста, одлуката му се соопштува на студентот и тоа се констатира во записникот.

**Член 22**

**5. Доставување на одлуката**

На студентот му се доставува примерок од одлуката од страна на дисциплинската комисија без оглед на тоа дали е ослободен од одговорноста, дали има запирање на постапката или, пак, му е изречена соодветна дисциплинска мерка.

**ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДГОВОРНОСТ НА СТУДЕНТОТ**

**Член 23**

**1. Право на поднесување приговор**

Против одлуката на дисциплинската комисија, студентот, односно деканот, (како подносител на барањето за поведување дисциплинска постапка) можат да поднесат приговор до ННС/ННУС на Факултетот.

Приговорот се поднесува во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

Приговорот може да се поднесе особено ако се смета:

– дека при одлучувањето е повредена постапката пропишана со Статутот на Универзитетот;
– дека е погрешно и непотполно утврдена фактичката состојба;
– дека повредата, поради која е изречена дисциплинската мерка, не е предвидена со Статутот на Универзитетот како повреда на обврските на студентот;
– поради застареност за поведување и водење на постапката;
– дека не се земени предвид олеснителните или отежнувачките околности;
– дека дисциплинската мерка е несоодветна.

**Член 24**

**2. Одлучување по приговорот**

Студентот, кој го поднел приговорот, има право да присуствува на седницата на ННС/ННУС на факултетот. За таа цел, студентот со писмено известување се информира за закажаната седница на којашто ќе се одлучува за неговиот приговор (покана со дневен ред за закажување на седницата на ННС/ННУС). Студентот на ист начин се повикува и во случај кога приговорот го поднел само деканот на Факултетот.

На седницата на ННС/ННУС на Факултетот, студентот има право да го образложи својот приговор, а доколку приговорот го поднел само деканот на Факултетот, може да се изјасни за наводите изнесени во приговорот.

Кога се одлучува за приговорот на студентот, може да се донесе одлука со која:

– се одбива приговорот на студентот и се потврдува првостепената одлука на дисциплинската комисија за изрекување на дисциплинската мерка;
– се отфрла приговорот на студентот поради ненавремено поднесување;
– се отфрла приговорот на студентот поради недозволеност;
– се усвојува приговорот на студентот и одлуката на дисциплинската комисија за изрекување на дисциплинската мерка се преиначува;
– се поништува одлуката и постапката се запира поради застареност.

**Член 25**

По повод поднесениот приговор од студентот, ННС/ННУС на Факултетот не може да донесе одлука за студентот која би била неповолна, освен ако приговор поднел и деканот на Факултетот како подносител на барањето за поведување на дисциплинска постапка.

**Член 26**

По повод поднесениот приговор од деканот на Факултетот како подносител на барањето за поведување на дисциплинската постапка, ННС/ННУС на Факултетот може да донесе одлука со која:
– се усвојува приговорот и се изрекува построга мерка;
– се отфрла приговорот поради ненавремено поднесување;
– се одбива приговорот и првостепената одлука се потврдува;
– се усвојува приговорот и предметот се враќа на повторно одлучување.
Одлуката на ННС/ННУС на факултетот, која е донесена по повод поднесениот приговор, е конечна.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ**

**Член 27**

Изречената дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и исклучување се извршува на тој начин што се објавува на огласната табла на единицата на Универзитетот. Објавувањето на изречената дисциплинска мерка се извршува наредниот ден од денот на конечноста на одлуката.

**ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА**

**Член 28**

**1. Материјална одговорност на студентите**

Студентот, кој во студирањето или во врска со студирањето, со умисла или со крајно невнимание, ќе му предизвика штета на Универзитетот, е должен да ја надомести.

**Член 29**

Согласно со член 28 од овој Правилник, студентот ќе одговара за штетата којашто ќе ја предизвика на Универзитетот под следниве услови:
– ако е направена штета,
– ако штетата е направена на Универзитетот,
– ако штетата е предметна,
– ако штетата настанала во врска со студирањето или во текот на студирањето на студентот,
– ако штетата е сторена по вина на студентот, со умисла или со крајно невнимание,
– ако помеѓу дејството на студентот и настанатата штета постои причинска врска.

**Член 30**

Штетата од страна на студентот може да биде предизвикана со умисла или со крајно невнимание.

Штетата може да биде предизвикана со умисла доколку студентот, кој ја сторил, бил свесен дека со своето однесување ќе предизвика или би можел да предизвика некаква штета, но и покрај тоа се согласил штетата да биде предизвикана.

Крајно невнимание постои во случај кога студентот не го употребил она внимание кое може да се очекува од секој студент со обични, просечни и нормални способности, во ист случај и под исти околности.

**Член 31**

Во случај кога штетата е предизвикана заеднички од повеќе студенти, одговорноста се утврдува по принципот на лична одговорност на секој студент.
Доколку не може да се утврди учеството на секој поединечен студент, се отстапува од принципот на личната одговорност и таквите студенти се должни штетата да ја надоместат во еднакви делови, по принципот на нивната еднаква одговорност за штетата.

Меѓутоа, ако повеќе студенти направат штета со умислено кривично дело, за штетата одговараат солидарно. Во тој случај материјалната одговорност на студентите, кои на овој начин ја предизвикале штетата, се утврдува по принципот на солидарна одговорност, односно надоместување на штетата може да се бара во целост, од кој било студент, со тоа што студентот што ја исплатил во целост штетата има право на регрес кон останатите солидарно одговорни студенти.
Надоместување на штетата на Универзитетот може да се оствари само од студент кој се согласил на тоа, во спротивно надоместокот на штетата се остварува само преку предметно и месно надлежниот суд.

**Член 32**

1. **Органи и постапка за утврдување на одговорноста за штета**

Постоењето на штетата, условите под кои е направена штетата и нејзината висина ја утврдува комисија за утврдување штета, формирана од страна на ННС/ННУС на факултетот, за време од 2 (две) години.

Комисијата за утврдување штета е составена од 3 (три) члена и нивни заменици.

**Член 33**

Постапката за надоместување на штетата ја поведува деканот на факултетот.

Решението, со кое се поведува постапката, се доставува до комисијата која ја спроведува постапката во врска со утврдувањето на постоењето и висината на штетата и одговорноста за предизвикување на штетата.

Доколку има потреба, комисијата може да изврши и увид на местото, да го сослуша студентот кој ја сторил штетата, да сослуша и одделни сведоци и вештаци, да оствари увид во писмени документи и сл.

Висината на штетата се утврдува врз основа на ценовник, книговодствени состојби и извод од книговодствени книги или со проценка.

Доколку се утврди дека штетата е предизвикана со умисла или со крајно невнимание, комисијата треба да побара од студентот изјава за негова согласност дека ќе ја надомести штетата.

За утврдување и за проценка на штетата, комисијата води записник кој мора да ги содржи податоците за нејзината работа.
Измени и дополнување на овој Правилник се врши согласно со процедурата *СМК.ПР.03 Управување документи*.

**III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 34**

Правилникот влегува во сила на денот на објавувањето.

**IV. ДОКУМЕНТИ И ПРИЛОЗИ**

1. СМК.ПР.03 Управување документи

Ректор

-----------------------------------

проф.д-р Блажо Боев